Предмет: Информација за медиуми

Пандемијата предизвикана од COVID – 19 вирусот создаде досега невидени предизвици со изразени социо-економски последици, а најголемо влијание имаше врз малите и средни бизниси, особено оние кои се занимаваат со занаетчиство, трговија, турзам, угостителство, итн. Кризата особено влијаеше врз фирми основани и водени од едно лице, а особено врз оние управувани од жени (53% од лицата кои се стекнале со статус на невработени во април, 2020 година се жени), како и врз лица кои работат неформални бизниси или се корисници на социјални бенефиции.

**Владата на РСМ во два наврати донесе пакети на економски мерки чиј износ не е познат, а пак третиот пакет мерки во вредност од 355 милиони евра е донесен на 17 мај, 2020 година но не е сеуште операционализиран.**

Како и да е, **и покрај широките консултации за кои зборуваше Владата, за првиот и вториот пакет мерки, во стручната јавноста се водат низа на дебати за оправданоста и ефикасноста на донесените економски мерки**, а пак помеѓу граѓаните се зборува за потешкотии во пристап до мерките и несоодветност на обезбедената помош.

**Нивото на реализација на сетот економски мерки, особено од аспект на износот на потрошени средства, не може да се утврди од информациите кои се јавно достапни. За повеќе од 60% од усвоените економски мерки нема никакви информации за планираниот опфат на граѓани/компании, а пак за повеќе од 70% нема информации за реализираниот опфат и потрошените средства.**

**За дел од мерките постојат различни јавно достапни информации**. *На пример, на 06 мај министерот за економија Крешник Бектеши изјави дека за мерката "14.500 денари за исплата на месечна плата" аплицирале 19.000 компании[1], за три дена подоцна министерството за финансии да објави дека за оваа мерка се пријавени околу 24.000 компании[2], а за шест дена подоцна да објави дека аплицирале 16.546 компании. Целата состојба да стане поконфузна Владата на 10 мај објави дека за оваа мерка доделена е помош на 21.542[3] компании.* Практично, **за една иста мерка во јавноста се презентираат четири различни информации**.

Според јавно достапните податоци:

- **помошта од 14.500 денари месечно за плата по вработен** ја искористиле **21.542 компании или пак 61% од планираниот број на**

[1] Facebook статус на министерот за економија.

[2] https://finance.gov.mk/mk/node/8740

[3] Facebook статус на министерката за финансии.

**компании**, без да се знае колкав е бројот на вработени кои имале бенефит од оваа мерка и колку средства се потрошени за нејзиното спроведување.
- **помошта од 14.500 денари за плата месечно за спортисти** ја искористиле **855 спортски работници во износ од 180 илјади евра за месец април 2020 година**, без да се знае колкав е бројот на спортски работници кои имаат потреба од оваа мерка и колку средства се издвоени за нејзиното реализирање.
- **финансиската поддршка во износ од 14.500 денари за самостојни вршители на дејност ја искористиле 5.840 правни лица што за два месеци приближно би изнесувало 1.4 милиони евра.** Како и да е, од информациите кои се јавно достапни не може да се утврди дали Владата направила проценка на бројот на правни лица кои ќе имаат потреба од оваа мерка и колку средства се издвоени за спроведувањето на истата.
- **бескаматни кредити од кредитната линија ковид 1 добиле 738 компании во износ од 5.5 милиони евра, што претставува 40% од издвоениот износ на средства** со оваа кредитна линија и кредитната линија ковид 2.

Повеќе информации можете да добиете на следните линкови:
1. Инфографик - http://www.esem.org.mk/index.php/najnovi-publikacii/3633-ekonomski-merki-za-spravuvanje-so-krizata-predizvikana-od-covid-19.html
2. Целосна анализа - http://www.esem.org.mk/index.php/najnovi-publikacii/3632-planiranjeto-i-sproveduvanjeto-na-prviot-i-vtoriot-paket-ekonomski-merki-bea-poveke-zbunuvacki-i-zatskrieni-otkolku-“navremeni-i-seriozni”,-a-pak-tretiot-paket-senzacionalen.html

**Лице за контакт:** Дарко Антиќ, програмски координатор, Здружение ЕСЕ, dantik@esem.org.mk, +389 2 3298 295.